

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***март 2022 година***
***ЕУЦ-број 71/2022***

## ЗИМСКА ЕКОНОМСКА ПРОГНОЗА 2022




Европската комисија на 10 февруари годинава објави зимска Економска прогноза 2022. Се очекува инфлацијата во еврозоната да порасне во просек за 4,8% во првите три месеци од годинава, во споредба со рекордните 4,6% во последниот квартал на 2021 година. За 19-те земји членки на еврозоната за 2022 ЕК очекува просечна инфлација од 3,5%, што е речиси за 1% повеќе од минатата 2021 година. Во сите 27 земји членки на ЕУ инфлацијата во просек на годишно ниво би требало да порасне за 3,9%.

Поради високите цени на енергенсите, ефектите од бранот на Омикрон и тесните грла во испораките, забележително ублажување на ценовниот притисок за потрошувачите и за компаниите се очекува најрано пред крајот на 2022 година.

Во 2022 година прогнозата предвидува ЕУ да забележи економски раст од 4%, а во 2023 година од 2,8%, Во 2021 година економскиот раст на ЕУ изнесуваше 5,3%. Растот во еврозоната се предвидува на 4,0% во 2022 година, ублажувајќи се на 2,7% во 2023 година. Најголем економски раст се предвидува за Малта (6%), а најмал за Белгија (2,7%). Раст на БДП од 5% и повеќе ќе имаат Унгарија, Словачка, Ирска, Шпанија, Португалија и Полска.

Континуираното подобрување на пазарот на трудот, високите заштеди на домаќинствата, сè уште поволните услови за финансирање и целосната фукнционалност на Управата за закрепнување и отпорност (RRF) се подготвени да одржат продолжена и силна фаза на проширување.

Тековните мерки за ограничување и долготрајниот недостиг на персонал може да ја одвлечат економската активност. Послабиот раст на побарувачката на краток рок може да помогне да се решат тесните грла во понудата нешто порано од предвиденото.

Побарувачката на домаќинствата би можела да порасне повеќе од очекуваното, а инвестициите поттикнати од RRF би можеле да генерираат посилен импулс за активност.

Инфлацијата може да испадне повисока од очекуваното, ако притисоците на трошоците на крајот се пренесат од цените на производителите на потрошувачките цени во поголема мера од проектираните, зголемувајќи го ризикот од втор круг ефекти. Ризиците за растот и изгледите за инфлација се значително отежнати од геополитичките тензии во Источна Европа.

Зимската економска прогноза 2022 претставува ажурирање на Есенската економска прогноза 2021, која беше претставена во ноември 2021 година, фокусирајќи се на развојот на БДП и инфлацијата во сите земји-членки на ЕУ.

Привремената прогноза го опфаќа годишниот и кварталниот БДП и инфлацијата за тековната и следната година за земјите-членки на ЕУ и еврозоната.

Следната Пролетна економска прогноза 2022 на Европската Комисија се очекува да биде претставена во мај 2022 година.

https://ec.europa.eu

## Содржина на вести:

| | |
|---|---|
| Зимска екомпомска прогноза 2022 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Помош за земјите членки за последиците од | 6 |
| Нови сили за брза воена реакција на ЕУ | 6 |
| Усвоена декларација во Версај | 7 |
| Усвоен стратешки компас за одбрана на ЕУ | 7 |
| Одложено повлекувањето од нуклеарната енергија во Белгија | 8 |
| Мерки за штедење на нафтата | 8 |
| Укинување на златните пасоши | 9 |
| Шведска воведува проверка на идентитетот на патниците | 9 |
| Европски фонд за балканот– обединет балкан за чист воздух | 10 |
| Пакет за помош на европските фармери | 10 |
| Cohesio - информативна платформа на ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / април 2022 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 07-10 март 2022***

На отворањето на пленарната сесија претседателката на ЕП, Роберта Мецола ја изрази солидарноста на европарламентот со мирните демонстранти приведени во Русија и упати повик до руските власти за нивно ослободување.

Европратениците го одобрија барањето на Шпанија за поддршка од Европскиот фонд за прилагодување на глобализацијата за расели работници (EGF). Барањето се однесува за отпуштените работници од затворената фабриката за производство на Нисан во Барселона, кои ќе добијат помош во висина од 2,8 милиони евра. Вкупната проценка на мерките за поддршка е 3,3 милиони евра, од кои EGF ќе покрие 85% (2,8 милиони евра).

Европратениците усвоија предлози за признавање на клучната улога на граѓанското општество за демократијата, повикувајќи на стратегија на Европската Комисија и заеднички правила во сите земји-членки. Усвоените предлози со 526 гласа се засновани на три клучни области:

- регулаторна и политичка средина ослободена од застрашувачки ефекти, закани и напади;
- одржлив и недискриминаторски пристап до ресурси; и
- граѓански дијалог и учество во креирањето политики.

На Меѓународниот ден на жената, украинската авторка Оксана Забужко имаше свое обраќање пред Европскиот парламент за состојбата на нејзините сограѓани во Украина.

Во пленарната дебата со Брижит Клинкер, министер делегат за економска вклученост, во име на Советот и комесарката Илва Јохансон, европратениците ја истакнаа хуманитарната и бегалска состојба предизвикана од рускиот напад врз Украина. Тие ги пофалија државите од првата линија за нивниот досегашен несекојдневен ангажман, но предупредија дека одржливата солидарност низ ЕУ ќе биде неопходна на долг рок.

Во резолуцијата усвоена со 495 гласа европратениците изнесоа предлог да се запре финансирањето од ЕУ и државите-членки на ЕУ за медиумите за кои надлежните власти утврдија дека промовираат говор на омраза и ксенофобија. На националните аудиовизуелни регулатори да им се обезбедат овластувања да ги казнуваат програмите што промовираат расистичка содржина.

Во дебатата со естонската премиерка, Каја Калас и високиот претставник на ЕУ за надворешна политика и безбедност и потпретседател на Европската Комисија, Жосеп Борел, европратениците ја истакнаа улогата на Европа во променливиот свет и безбедносната ситуација на континентот во пресрет на состојбата во Украина. Европратениците го поздравија новиот Стратешки компас за обезбедување на сигурност во ЕУ и повикаа на заеднички притисок за унапредување на Европската одбранбена унија.

Истрагата на парламентот за мапирање на дезинформациите од странски сили и нивно учество во поткопување на демократските процеси во ЕУ покажува дека тие може да имаат огромно влијание врз изборите, кибер безбедноста и поларизацијата во јавната дебата. Во извештајот на Специјалниот комитет за странско мешање во сите демократски процеси во Европската унија, вклучително и дезинформации (ИНГЕ) се истакнува дека генералниот недостаток на свесност за сериозноста на странското мешање и манипулациите со информации се влошува.

Европскиот парламент предложи нови заеднички правила за решавање на проблемот поврзан со шемите „државјанство преку инвестиција“ (CBI). Европратениците со 595 гласа усвоија извештај за правна иницијатива со кој се повикува Комисијата да поднесе предлог до крајот на нејзиниот мандат.

Со 553 гласа Европскиот парламент го потврди договорот постигнат со Советот во декември 2021 година за осмата Општа акциона програма на Унијата за животна средина (EAP). Програмата ќе ја води Европската политка за животната средина до 2030 година и ќе ја усогласи со Европскиот зелен договор.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Европскиот парламент формираше три нови комисии за разгледување на употребата на шпионски софтвер од владите на ЕУ, злонамерното странско мешање и лекциите од пандемијата. По предлог на Конференцијата на претседатели (претседателката Роберта Мецола и претседателите на политичките групи), на пленарната седница беше одобрен опсегот, бројот на членови и мандатот на новите комисии.

Во резолуцијата усвоена со 478 гласа европратениците ја поздравија неодамнешната пресуда на Европскиот суд на правдата со која се отфрлаат постапките на Унгарија и Полска против Регулативата за условеност на владеењето на правото, како и заклучоците на Судот дека регулативата е во согласност со правото на ЕУ и неговите овластувања во однос на владеењето на правото.

Европратениците ја истакнаа клучната улога која ја имаат батериите во транзицијата кон кружна и климатско неутрална економија и за конкурентноста и стратешката автономија на ЕУ. Предлог-законот беше усвоен со 584 гласа. До 2024 година, преносливите батерии во апаратите, како што се паметните телефони, и батериите за лесни транспортни средства (LMT), мора да бидат дизајнирани така што потрошувачите и независните оператори можат лесно и безбедно сами да ги вадат.

Европскиот парламент усвои три резолуции за состојбата со човековите права во Мјанмар, Мексико и Нагорно-Карабах.

***Пленарна сесија 23-24 март 2022***

На вториот дел од мартовската пленарна сесија европратениците ги пофалија земјите-членки на ЕУ за брзиот одговор во усвојување санкции против Русија и го поздравија начинот на кој се прифатени бегалците од Украина.

Обраќајќи им се на европратениците, канадскиот премиер Џастин Трудо истакна дека НАТО и ЕУ се порешителни и обединети од кога било и дека притисокот врз Русија мора да се зголеми.

На пленарната дебата со европратениците, Европската комисија ги изложи своите најнови предлози за осигурување безбедност на снабдувањето со гас за следната зима, ублажување на влијанието на поскапувањата врз домаќинствата и зајакнување на обновливите извори на енергија. Повеќето европратеници се залагаат за побрзо распоредување на обновливите извори на енергија со цел да се направи Европа независна од руските фосилни горива.

Европратениците го усвоија предлогот на Конференцијата на претседатели за календарот на Парламентот за 2023 година. Следната година Парламентот треба да одржи 17 пленарни седници, од кои 12 се четиридневни во Стразбур, а пет дводневни во Брисел.



www.europarl.europa.eu

Европратениците со 558 гласа го поддржаа предлогот на Комисијата за помош на владата на Молдавија за стабилизирање на економската состојба на земјата. Заемите од 120 милиони евра и грантови од 30 милиони евра ќе бидат исплатени на три рати до 2024 година; првата транша е планирана за ова лето.

Европратениците ги усвоија мерките на Кохезионата акција за бегалци во Европа (CARE) по итна постапка, со 562 гласа. Ажурирањето на тековните правила на политиката за кохезија ќе овозможи брзо прераспределување на расположливите средства за да им се помогне на земјите на ЕУ и нивните региони да обезбедат итна поддршка на бегалците од Украина.

По итна постапка со 543 гласа европратениците дадоа согласност за склучување на меѓународен договор меѓу ЕУ и Република Молдавија за оперативни активности што ги спроведува Европската гранична и крајбрежна стража (Фронтекс).

Европскиот парламент ги објави имињата на европратениците кои ќе заседаваат во трите нови комисии формирани на 10 март годинава. Политичките групи ги избираат членовите на комисиите и ги соопштуваат имињата на оние што ги избрале до претседателот на Парламентот. Секоја политичка група има одреден број места врз основа на процентот на европратеници што ги има во ЕП.

Европратениците го одобрија барањето на Франција за поддршка од Европскиот фонд за прилагодување на глобализацијата за раселените работници (ЕГФ). Регионот Ил-де-Франс (32%) и градот Лил (13%) беа најпогодени од губењето на работните места во Селекта. Вкупната проценка на мерките за поддршка е 4,8 милиони евра, од кои EGF ќе покрие 85% (4 милиони евра). Селекта ќе ги финансира преостанатите 15%. Извештајот на известувачот Ајдер Гардијазабал (СиД, ЕС) беше усвоен со 556 гласа.

Европскиот парламент со 581 глас усвои закон со кој се продолжува користењето на услугите за роаминг низ ЕУ без дополнителни такси. Давателите на роаминг ќе бидат обврзани да понудат ист квалитет на роаминг со оној што е обезбеден во земјата, доколку истите услови се достапни на мрежата на земјата во посета. Во преговорите со Советот на ЕУ, европратениците обезбедија одредба во новите правила за забрана на практики кои го намалуваат квалитетот на услугите во роаминг (на пр. со префрлување на врската од 4G на 3G).

Резолуцијата за потребата од итен акционен план на ЕУ за да се осигура безбедност на храната во и надвор од ЕУ беше усвоена со 413 гласа.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 14 март 2022г. оствари средба со високиот претставник на ЕУ за надворешна и безбедносна политика и потпретседател на Европската комисија, Жозеф Борел Фонтел. На средбата присуствуваа и координаторите на Пратеничките групи и претставниците на помалите политички партии во Собранието. На средбата Џафери истакна дека повеќе од потребна е јасна потврда на европската перспективна на земјата, имајќи ги предвид тековните настани во Украина и одредени случувања во нашето соседство. Упати апел за што поскоро отпочнување на преговорите за членство во Унијата. Борел го пофали конструктивниот пристап на новите влади во Скопје и Софија и ја потврди заложбата и активниот ангажман на челниците во Европската унија за што поскоро отпочнување на преговорите за членство во Европската унија.

На 30 март 2022г. претседателот Џафери оствари средба со сојузната министерка за Европа и уставни прашања на Република Австрија, Каролине Едштадлер. На средбата Џафери изрази благодарност за  силната и отворена поддршка на Република Австрија за што побрза интеграција на на нашата држава во ЕУ. Тој ја нагласи посветеноста за постигнување на взаемно прифатливо решение со Република Бугарија, согласно европските правила, стандарди и вредности, со цел деблокирање на процесот на проширување.





Претседателот Џафери на 9 март 2022г. оствари средба со високата регионална координаторка за Европа од Партнерство за отворена власт, Сандра Пернар. На средбата Пернар информираше за новиот Меморандум за ОВП, новите насоки за областите во кои би можеле да се вклучат парламентите и предизвиците и сегментите кои би можеле да го подржат нашето Собрание. Џафери истакна дека „јавноста е најдобра контрола на тоа што работиме“ и затоа е важно вклучувањето на невладините организации и самите граѓани во надзорот, откако претходно ќе бидат добро информирани каде да ги наоѓаат и како да ги разбираат отворените податоци.




Претседателот Џафери имаше свое обраќање на Конференцијата на претседатели на парламенти на ЕУ на тема „Европската унија како гарант за стабилноста, безбедноста и напредокот на регионот (и пошироко)“, која се одржа на 29 март 2022г. на Брдо при Крањ, Словенија. Во своето обраќање Џафери ја поздрави повеќедецениската соработка со Европскиот парламент, особено во рамките на Дијалогот Жан Моне, кој значително придонесува за унапредување на политичкиот дијалог во нашето Собрание. На крајот од своето излагање Џафери упати апел за поскоро адаптирање на европскиот наратив за проширувањето, со оглед на драстичната актуелна промена на европското безбедносно, економско и енергетско милје и долгорочните последици кои истото ќе ги има врз нашиот континент.
Во рамки на конференцијата Џафери оствари средби со Летиција Сен Пол, потпретседателка на Националното собрание на Република Франција, претседателот на Националното собрание на Република Словенија, Игор Зорчич и претседателот на Народното собрание на Република Бугарија, Никола Минчев.



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, Александар Николоски, на 18 март 2022г. оствари средба со амбасадорот на Унгарија, Н.Е. Ласло Иштван Дукс. На средбата, Николоски го информираше амбасадорот за активностите на Националниот совет за евроинтеграции преземени во актуелниот собраниски состав, за заложбите за што е можно побрз почеток на преговорите и улогата на Советот во одржувањето на консензусот во државата за пристапување кон ЕУ. На средбата заеднички беше истакната важноста на европската перспектива на државата и спроведување на клучните реформи од европската агенда.

www.sobranie.mk



Пратеничката Соња Мираковска, во својство на копретседавач со Мешовитиот парламентарен комитет – Република Северна Македонија и Европската Унија, на 24 март 2022г. оствари видео-средба со својот колега од Европскиот парламент, копретседавачот Андреас Шидер. На средбата Мираковска ја нагласи потребата за итно одредување датум за одржување на Првата меѓувладина конференција за почеток на преговорите со Република Северна Македонија. Копретседавачот Шидер информираше дека во Европскиот парламент во процес е изготвувањето на извештајот за напредокот на Република Северна Македонија, кој се очекува да се најде на пленарна седница во мај годинава. Двајцата соговорници изразија подготвеност заеднички да се заложат за поскоро да одржиување на 19. Состанок на Мешовитиот парламентарен комитет.



Претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми, на 4 март 2022г. учествуваше на Конференцијата на комисиите за европски прашања на земјите-членки на ЕУ - КОСАК, што се одржа во Париз, во рамки на Француското претседателство со ЕУ. Во своето обраќање во рамките на Првата сесија на Конференцијата Адеми побара поддршка од страна на Европската Унија за забрзување на процесот за што поскоро отпочнување на преговорите со Северна Македонија. На маргините на Конференцијата, Адеми реализираше повеќе билатерални средби со своите колеги пратеници од парламентите на земјите членки, како и од регионот, на кои беа разменети повеќе мислења и ставови за темите од дневниот ред.

Комисијата за европски прашања во месец март 2022г. одржа четири одделни седници на кои беа разгледани 8 закони со ЕУ знаменце.



Во рамки на одбележувањето на 19-годишнината на Клубот на пратенички од Собранието и Меѓународниот ден на жените 8 Март, пратеничките имаа можност да се запознаат со работата на Центарот за социјални претпријатија, како и иницијативите поддржани во рамки на Проектот „Поддршка на социјалните претпријатија“, финансиран од Европската Унија. Работната посета на Центарот за социјално претприемништво, насловена „Економско јакнење на жените во Националната стратегија за социјални претпријатија’’ се реализира во рамки на „Програмата за парламентарна поддршка“, 10-годишен проект за јакнење на капацитетите на Собранието финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка, а имплементирана од Националниот демократски институт, Институтот за демократија Социетас Цивилис и Центарот за управување со промени.

## ПОМОШ ЗА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД УКРАИНСКАТА КРИЗА




Европската Комисија ги повикува земјите членки на ЕУ да примат бегалци од Украина и да ја зголемат својата енергетска зависност од руската енергија. Повикот на Европската Комисија е во рамките на Инструментот за техничка поддршка кој им пружа конкретна асистенција на земјите на ЕУ.
Елиса Фереира, еврокомесарката за кохезија и реформи, изјави дека овој Инструмент за техничка поддршка е флексибилен и може да се прилагоди на специфични политички ситуации.
-ЕУ е подготвена да им помогне на земјите членки да примат и интегрираа лица кои бегаат од војната во Украина, како и да ја намалат својата зависност од фосилните извори на енергија, вклучително тие кои доаѓаат од Русија, преку инвестиции во чисти извори на енергија, изјави еврокомесарката.
Земјите членки можат да се обратат до Европската Комисија со барање за техничка асистенција во овие области – бегалците и енергијата, и подобро користење на ЕУ фондовите.
Комисијата потоа ќе го разгледа барањето и ќе го одобри. Инструментот за техничка поддршка е главната алатка на Комисијата за помош во реформите врзани за ЕУ во земјите членки на ЕУ и е дел од повеќегодишната финансиска рамка 2021-2027.

https://ec.europa.eu

## НОВИ СИЛИ ЗА БРЗА ВОЕНА РЕАКЦИЈА НА ЕУ



Министрите за надворешни работи и одбрана на ЕУ на состанокот на 21 март 2022 година се согласија за безбедносна стратегија која треба да го зајакне воеността влијание на блокот кога војната ќе се врати во Европа, формирајќи сили за брза реакција кои брзо ќе бидат распоредени во услови на криза.
Европската Унија од 2025 година треба да добие Сили за брза воена реакција, а германските војници треба да го сочинуваат столбот на оваа единица, договорено на состанокот на министрите за одбрана и за надворешни работи на Европската унија.
„Сега е важно да испратиме сигнал дека сме тука еден за друг доколку е потребно“, изјави германската министерка за одбрана Кристин Ламбрехт на маргините на состанокот во Брисел. Таа нагласи дека германските војници ќе го сочинуваат столбот на новата воена формација.
Единицата треба да брои до 5.000 војници и треба да биде формирана до 2025 година. Тоа е дел од поширокиот безбедносен концепт што го договорија земјите-членки на состанокот во Брисел.
Концептот уште пред неколку години го иницираше Германија, но по рускиот напад врз Украина тој е повторно преработен.
Ламбрехт оваа Единица за брза реакција ја нарече „јадрото“ на новиот концепт, нагласувајќи дека моментално се истражуваат опциите за усогласување на можностите на трупите на НАТО со новоформираната единица со цел да се „максимизираат перформансите“.
Новиот безбедносен концепт треба да го замени претходниот таканаречен Бателгруп концепт со две единици по 1.500 војници. Во последно време имаше проблеми со недоволниот број војници за овие единици.

https://www.reuters.com

## ДЕКЛАРАЦИЈА ОД ВЕРСАЈ



Лидерите на ЕУ на состанокот на 10 и 11 март во Версај усвоија декларација за руската агресија против Украина, како и за зајакнување на одбранбените способности, намалување на енергетската зависност и градење поцврста економска база. Домаќин на состанокот беше француското претседателство, а претседаваше Шарл Мишел, претседател на Европскиот совет.
Лидерите на ЕУ истакнаа дека неиспровоцираната и неоправдана воена агресија на Русија против Украина „грубо го крши меѓународното право“ и „ја поткопува европската и глобалната безбедност и стабилност“. Ја поздравија одлуката на обвинителот на Меѓународниот кривичен суд да отвори истрага и повикаа веднаш да се осигура безбедноста на нуклеарните постројки на Украина. Лидерите ја истакнаа својата решеност уште повеќе да го зголемат притисокот врз Русија и Белорусија и да обезбедат целосно спроведување на усвоените санкции. ЕУ усвои значителни санкции и е подготвена брзо да продолжи со воведување дополнителни санкции.
Во однос на Украина, ЕУ и нејзините земји-членки ќе продолжат да обезбедуваат координирана политичка, финансиска, материјална и хуманитарна поддршка, како и поддршка за обнова на демократска Украина. Лидерите на ЕУ побараа да се обезбедат средства преку брзо усвојување на предлогот за акција на Кохезија за бегалци во Европа (CARE) и преку ReactEU.
На состанокот лидерите ја потврдија посветеноста да преземат поголема одговорност за сопствената безбедност на ЕУ, да продолжат со стратешки курс на дејствување во одбраната и да го зголемат нејзиниот капацитет за автономно дејствување, врз основа на заклучоците од декември 2021 година.
Лидерите на ЕУ ја поканија Европската комисија до крајот на мај 2022 година да предложи план REPowerEU да ја направи ЕУ независна од руските фосилни горива.
Изборот на Версајската палата е симболичен. Градот Версај потсетува на мировниот договор потпишан во 1919 година од страна на сојузниците по Првата светска војна. Не треба да се заборави дека овој договор се сметаше за диктат од Германците и поттикна нов планетарен конфликт.

https://www.consilium.europa.eu

## УСВОЕН СТРАТЕШКИ КОМПАС ЗА ОДБРАНА НА ЕУ




На состанокот одржан на 21 март 2022 година министрите за надворешни работи и за одбрана го усвоија предлогот за стратешки одбранбен компас за ЕУ со кој се координира и усогласува заедничката одбранбена политика на ЕУ.
Шефот на ЕУ дипломатијата, Жозеп Борел го поздрави усвојувањето на предлогот и нагласи дека доаѓа во вистинско време кога секој граѓанин во Европа ја разбира целта за зајакнување на силата на ЕУ“.
Целта на овој документ е да даде патоказ за земјите на ЕУ во справување со кризи и војни во нејзиното соседството или во светот и да и овозможи брзо да реагира кога е потребно, да се зголемат капацитетите на ЕУ како и инвестициите во воениот сектор, и да се развијат партнерства со сојузниците на Европа во светот, меѓу нив и Западниот Балкан.
Компасот ги опфаќа сите аспекти на безбедносната и одбранбената политика и е структуриран околу четири столба: дејствувај, инвестирај, партнер и безбеден.
Борел нагласи дека со стратешкиот компас ЕУ ќе може да реагира поцврсто и поодлучно во услови на кризи и да ја обезбеди сигурноста на европските граѓани. Тоа ќе има цена: ќе треба земјите да инвестираат во воени капацитети и да ги зголемат трошоците за одбраната, околу 1,5%. Истовремено НАТО бара зголемување на воениот буџет на два отсто од бруто домашниот производ.
Шефот на ЕУ дипломатијата инсистираше дека овој документ во ниеден случај не значи конкурентност со НАТО, туку надополнување.

https://www.consilium.europa.eu

## ОДЛОЖЕНО ПОВЛЕКУВАЊЕТО ОД НУКЛЕАРНАТА ЕНЕРГИЈА ВО БЕЛГИЈА



Белгија го одложи својот план за прекин на нуклеарната енергија во 2025 година за десет години – до 2035 година, стравувајќи од огромен пораст на цените на енергијата по руската инвазија врз Украина.
– Федералната влада одлучи да ги преземе неопходните чекори за да го продолжи животниот век на двата неодамна изградени нуклеарни реактори за десет години, објави белгискиот премиер Александар Де Кру на Твитер.
Белгија, поради војната во Украина, одлучи да го продолжи рокот на нуклеарните реактори, и покрај ветувањата на владината коалиција дека тие ќе бидат затворени до 2025. Оваа одлука е силен удар за партијата на Зелените која учествува во владината коалиција и речиси целата кампања ја водеше околу затворањето на овие застарени и оштетени реактори. Вртоглавиот раст на цените на енергијата ги принудија владините партии да го ревидираат договорот.
Други мерки донесени од страна на федералната влада за ублажување на последиците врз секојдневието на белгиските граѓани од војната во Украина се намалување на ДДВ за фотоволтаици и зголемување на увозот на хидроген како чист транзициски извор на енергија додека не се постигнат зацртаните цели за обновливите енергии.
Министерката за енегија, Тинеке Вандестрик, изјави дека до 2026 постепено ќе се укине централното греење на мазут и гас, но предлогот за намалување на ДДВ на 6% врз струјата и гасот е блокиран од страна на десничарските партии. Министерката сепак не се откажува и најави дека повторно ќе го стави предлогот на маса.
Пакетот предлози за енергијата ќе ја чини државата над 8 милијарди евра, според пресметките. Овде спаѓа и позеленување на мрежата на јавниот транспорт во земјата.
Предлозите сега треба да бидат усвоени од страна на сите други парламентарни партии, меѓу кои некои веќе најавија дека не се задоволни.
Главниот судир во Белгија ќе се води меѓу поддржувачите на нуклеарната енергија и оние на обновливите извори. Во меѓувреме, цените уриваат рекорди во Белгија каде еден литар дизел гориво сега чини 2,3 евра.

https://www.euronews.com

## МЕРКИ ЗА ШТЕДЕЊЕ НА НАФТАТА

Според новата анализа објавена на 18 март 2022 година од Меѓународната агенција за енергија (МАЕ), во услови на новонастаната глобална енергетска криза, практичните дејствија на владите и граѓаните во напредните економии и пошироко може да постигнат значително намалување на побарувачката на нафта за неколку месеци, намалувајќи го ризикот од голема криза во снабдувањето.
МАЕ издвои 10 мерки, што би требало да ја намалат потрошувачката на нафта за 2,7 милиони барели дневно, во наредните четири месеци, што е еднакво на потрошувачката на сите автомобили во Кина.
Планот од 10 точки се фокусира на транспортниот сектор.
Се предлага намалување на дозволената брзина на автопат за најмалку 10 километри на час, работа од дома до три дена седмично, како и во недела да не се возат автомобили во градовите.
Предложено е да се намали цената на јавниот превоз и да се поттикне пешачењето и возењето велосипед.
Новиот извештај вклучува препораки за одлуките што треба да ги преземат сега владите и граѓаните за премин од краткорочните итни дејства вклучени во Планот од 10 точки кон одржливи мерки што ќе ја доведат побарувачката за нафта на земјите во структурен пад во согласност со патеката кон нето нула емисии до 2050 година.

https://www.iea.org

## УКИНУВАЊЕ НА ЗЛАТНИТЕ ПАСОШИ




Европскиот парламент побара од Европската комисија да ги укине т.н „златни пасоши“, кои на многу руски олигарси им дадоа европско државјанство, со што ги избегнаа санкциите воведени по агресијата врз Украина.
Европскиот парламент со мнозинство од 595 гласа усвои препорака до Комисијата да се запре доделувањето т.н златни пасоши, кои се добиваат со големи инвестиции.
Тоа се случаи кога богати претприемачи добиваат државјанство на одредена земја-членка на ЕУ, иако не живееле во неа потребниот број години, туку иницирале голема или „стратешки важна“ инвестиција во неа.
Известувачот Софија инт Велд од Либералниот клуб не го гледа „златниот пасош“ како инвестиција во економијата, туку како пат кон сомнителен, нелегален бизнис и даночно затајување. Освен тоа, ги користат и руските олигарси кои имаат големо богатство во земјите на ЕУ.
– Војната во Украина го става овој проблем во центарот на интересот. Рускиот селанец, кој ја штеди секоја рубља, не може да купи европско државјанство, но затоа тоа можат да го направат руските олигарси кои ги заобиколија санкциите со пасошите на Европската унија. Тоа мора да престане, изјави Инт Велд.
Европскиот парламент уште во 2014 година ги предупреди Комисијата и земјите-членки дека не презеле доволно мерки за борба против овие програми.

https://www.europarl.europa.eu/

## ШВЕДСКА ВОВЕДУВА ПРОВЕРКА НА ИДЕНТИТЕТОТ НА ПАТНИЦИТЕ



Шведската влада на 24 март 2022 година одлучи да обезбеди проверка на идентитетот на сите патници кои пристигнуваат во земјата преку море и усвои законска измена со цел да ги направи контролите задолжителни со закон. Амандманот вклучува одредби преку кои на информациите регистрирани во списоците на патници мора да им претходат валидни проверки на идентитетот, иако постојат ограничувања за степенот до кој тоа се применува.
Овие измени стапија на сила на 28 март и ќе престанат да важат на 1 септември 2022 година.
„Големиот број раселени луѓе што се движат низ Европа претставува дополнителни предизвици кога станува збор за регистрирање точни информации, што може да создаде подобри услови за прием на раселените лица“, се наведува во соопштението на шведската влада.
Сегашните регулативи вклучуваат обврска за проверка на личните документи, но само ако има причина да се претпостави дека информациите дадени без проверка на личните документи се неточни. Сепак, ова барање не важи за патувања меѓу шведските пристаништа.
На 15 март, шведската влада увиде дека е неопходно повторно да се воспостават проверки на идентитетот на автобусите, возовите и патничките бродови кои влегуваат на нејзина територија преку привремен акт, со што се зголемува бројот на бегалци кои доаѓаат од Украина. Во таа насока, министерот за инфраструктура Томас Енерот истакна дека владата треба да биде подготвена со потребните алатки за доследно прифаќање на луѓето кои доаѓаат во Шведска.

https://www.schengenvisainfo.com

## ЕВРОПСКИ ФОНД ЗА БАЛКАНОТ– ОБЕДИНЕТ БАЛКАН ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ




Европскиот фонд за Балканот на 9 март 2022 година објави дека податоците за загаденоста на воздухот сè уште не се на задоволително ниво и дека тие мора да бидат подостапни и појасни. ЕФБ нагласува дека државите и локалните власти се обврзани да обезбедуваат пристап до информации за загадувањето на воздухот во секое време.

Граѓаните на Западен Балкан имаат право да знаат колку е загаден воздухот и да бидат информирани за било какви промени, се истакнува во соопштението. Податоците мора да бидат точни, транспарентни, навремени и лесно достапни.

Учесниците во регионалната кампања, вклучително и организации од Белград, Приштина, Подгорица, Сараево, Зеница, Скопје и Тирана, истакнуваат дека територијата е недоволно покриена со мрежните станици. Во урбаните средини недостасуваат информации за некои загадувачи, особено за најфината прашина ПМ 2,5, една од најопасните супстанции. Податоците од многу станици се објавуваат доцна - и се релевантни за населението само ако се гледаат секој час. Се забележува дека повеќето земји од регионот немаат прецизен список на извори и количества на емисии на загадувачки материи, а без сериозни инвестиции во мерните станици не може да се направат правилни мерки за подобрување на квалитетот на воздухот.

Во соопштението се потсетува дека Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Србија ја потпишаа Зелената агенда за Западен Балкан во ноември 2020 година со потпишување на Софиската декларација, со која се утврдени обврските на земјите од регионот за подобрување на мерењето и известувањето. кон финансирање од Европската Унија. Јавниот притисок останува клучен за подобрување на системот за мерење и остварување на правото да се биде информиран за нивото на загаденост.

Кампањата „Обединет Балкан за чист воздух" е иницијатива на Европскиот фонд за Балканот во партнерство со Еко форумот во Зеница, Институтот за територијално управување со животната средина во Тирана, Сбункер и Балканската зелена фондација во Приштина, Air Care во Скопје, ОЗОН во Подгорица, Регулаторниот институт за обновливите извори на енергија и животната средина и Отвореното училиште од Белград. Нивната цел е да се подигне свеста на жителите од регионот за причините и последиците од загадувањето, можните начини за подобрување на квалитетот на воздухот и борбата за поздрава животна средина.

https://euractiv.rs

## ПАКЕТ ЗА ПОМОШ НА ЕВРОПСКИТЕ ФАРМЕРИ



На 23 март, Европската комисија предложи пакет во вредност од 500 милиони евра за помош на европските производители на храна. Европската комисија најави дека парите од пакетот помош ќе се доделуваат на национално ниво. Планот е земјите-членки на ЕУ со свои пари финансиски да го дополнат пакетот помош за уште 200%, што значи дополнителни 1 милијарда евра. Со цел да се зајакне капацитетот на земјоделското производство во ЕУ, Комисијата предложи привремено да се дозволи одгледување на сите култури кои служат како храна за луѓе или животинско потекло, а во исто време во целост да се исплаќаат еколошките субвенции на земјоделците.

Предложените 500 милиони евра ќе се финансираат од буџетската резерва за 2022 година, која е создадена само во случај на голема криза во земјоделството. За да се одвојат парите потребно е зелено светло од Европскиот парламент и од Европскиот совет. Комисијата предложи и програма за помош на свињарството, а земјите-членки привремено да им помагаат на компаниите во областа на земјоделството и рибарството до 35.000 евра.

https://euractiv.rs

## COHESIO - ИНФОРМАТИВНА ПЛАТФОРМА НА ЕУ




Европската комисија ја лансираше интернет платформата Cohesio, која на граѓаните транспарентно ќе им ги обезбеди сите информации за повеќе од 1,5 милиони проекти во сите 27 земји-членки на ЕУ финансирани од Европскиот фонд за регионален развој (EFRR), Кохезискиот фонд и Европскиот социјален фонд (ESF).
Ова е првпат да се создаде сеопфатна информативна платформа со податоци за проекти која ќе е достапна за јавноста на сите официјални јазици на ЕУ.
Платформата Cohesio нуди стандардизирани податоци за 1,5 милиони проекти за финансискиот период од 2014 до 2020 година, вклучувајќи и линкови за релевантни програми и фондови.
Веб-страницата, исто така, нуди податоци за 500.000 корисници на проектите и статусот за имплементација на проектите, како и податоци за повеќе од 300 оперативни програми во сите 27 земји-членки на ЕУ.
Покрај тоа, Cohesio има интерактивна мапа која овозможува географска локација на проектите и податоци за нив. Платформата треба да поттикне идентификација и размена на практични искуства меѓу различни региони на ЕУ.
Иако текстот во моментов е само на англиски јазик, Европската комисија најави дека Cohesio ќе биде достапен на сите јазици на Унијата во наредните месеци.

https://euractiv.rs

## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ВО март 2022 ГОДИНА

1. Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, *по скратена постапка*
2. Закон за дополнување на Законот за матичен број, *по скратена постапка*
3. Закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Северна Македонија, *по скратена постапка*
4. Закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, *по скратена постапка*
5. Закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија, *по скратена постапка*
6. Закон за изменување и дополнување на Законот за личното име, *по скратена постапка.*

***ЕУ КАЛЕНДАР / април 2022***

1. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 04-07/04/2022, Стразбург;*
2. *Состанок на Советот за надворешни работи, 11/04/2022, Брисел;*
3. *Состанок на Советот за општи работи, 12/04/2022, Брисел.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




